Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

МАКЕДОНСКА ПРВА ЛИГА МАКЕДОНСКА ЖЕНСКА ЛИГА МАКЕДОНСКА ВТОРА ЛИГА МАКЕДОНСКА ТРЕТА ЛИГА

## КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувани,

Ве известувам за следното:

1. Согласно членот 23, точка 3 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, официјално е започнато пријавувањето на екипите кои ќе се натпреваруваат во сите сениорски лиги за сезона 2023/24 година.
   **Истото ќе трае до 1.09.2023 година.**

2. Согласно членот 23 и 24 од Правилникот за натпреварување во сениорските лиги и членот 6 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, екипите кои го оствариjа правото од минатата натпреварувачка сезона 2022/23 и новопријавените екипи ќе се натпреваруваат во третата (3) лига мажи за сезона 2023/24 година.

3. Согласно членот 7 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, во третата лига мажи може да играат:

   - Екипи кои ќе бидат ослободени од котизација и надомест за службените лица, доколку:

     - Пријават играч(и) за натпревар родени 2004 година (1.01-31.12.2004) и помлади на образецот за пријава на натпревар (НАТ-1), или
     - **Пријават најмногу четири (4) играчи за натпревар не постари од 1999 година (родени 1.01-31.12.1999) на образецот за пријава на натпревар (НАТ 1)**,

   - Екипи кои нема да бидат ослободени од котизација и ќе плаќаат надомест за службените лица, доколку:

     - **Пријават повеќе од четири (4) играчи за натпревар кои се родени 2003 година и постари на образецот за пријава на натпревар (НАТ 1)**.

4. **НАПОМЕНИ:**
   - На пријавната листа (РЕГ-3) за натпреварувачката сезона 2023/24, екипите имаат право да пријават и повеќе од четири (4) играчи кои се родени 2003 и постари.
   - Патните трошоци за службените лица ги плаќаат сите екипи, независно дали се ослободени, или не од котизацијата за сезоната 2023/24 година.
   - Доколку екипа која пријавила дека ќе се натпреварува само со четири (4) играчи во натпреварувачката сезона 2023/24, пријави, или се открие дека има петти (5) играч постар од 2003 година, на било кој натпревар и во било кое коло во текот на натпреварувачката сезона 2023/24, ќе ја плати целата котизација и ретроактивно, надоместокот за сите службени лица.

5. Согласно членот 40, алинеја 3, и член 41 од Правилникот за натпреварување во сениорските лиги, само екипите кои ќе ги имаат подмирено финансиските долгувања по разни основи од претходната натпреварувачка сезона 2022/23 година, ќе можат да се пријават за натпреварување во новата натпреварувачка сезона 2023/24 година.

6. Согласно членот 13, точка 1 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, клубот е должен во пропишаниот рок (1.09.2023 година) да достави до Регистрациската комисија на КФСМ листа на играчи кои ќе настапуваат за клубот. Образецот можете да го најдете тука.

7. Согласно членот 13, точка 1.4 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, со листата на играчи кои ќе настапуваат за екипата треба да бидат доставени и фотографии во дигитален формат од играчите, но и од службените лица на екипите (тренери, службени претставници, технички раководители, доктори, физиотерапевти и др.).
Фотографиите треба да бидат направени на бела позадина, а играчите и службените лица облечени еднообразно во дресови, односно маички (кошули, блузони и др.) со обележја на клубот.

8. Согласно членот 36, точка 1 и точка 2 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, играч до 21 годишна возраст (роден 1.01-31.12.2003 година) кој има право да настапува во сениорските лиги на КФСМ, може да настапува во друг клуб што се натпреварува во понизок ранг на натпреварување, со издавање на двојна лиценца, врз основа на писмена согласност на клубот каде играчот е регистриран. Еден клуб може да има најмногу 4 (четири) играчи со двојна лиценца во една натпреварувачка сезона родени 2003 година и помлади.
**НАПОМЕНА:** Двојната лиценца престанува да важи заклучно со последниот натпревар од регуларниот дел од сезоната. Во завршниците од лигите, Супер лига и Плеј аут лига, односно Плеј-офот, четврфиналната фаза, полуфиналната фаза и финалната фаза, матичниот клуб на играчот кој настапува со двојна лиценца, мора да одлучи за кој клуб ќе продолжи да настапува играчот до крајот на првенството.

9. Висината на котизацијата за натпреварувањето во Третата лига мажи во новата 2023/24 сезона ќе изнесува 1000 евра во денарска противвредност.
Истата ќе мора да биде подмирена на две (2) еднакви рати од по 500 евра во денарска противвредност, или:
    - Прва рата до 1.10.2023 година,
    - Втора рата до 1.02.2024 година.

Поздрав,

Комесар за натпреварување

Александар Милојевиќ